| Наслов на активноста | | **Кој сум јас?** | |
|---|---|---|---|
| **Времетраење ( ориентационо)** | 40 минути | **Одделение** | VII |
| | | | |
| **Цели и очекувани исходи:** | | - Формирање на безбедна, поттикнувачка и кооперативна атмосфера во групата,<br>- знае за концептот за себе и за сопствената единственост;<br>- знае различни начини со кои може да се афирмира себеси, личните способности и капацитети во различни средини и групи(самопотврдување);<br>- да можат да идентификуваат лични позитивни особини/карактеристики | |
| **Потребни материјали:** | | - Работен лист „Личен грб“<br>- Работен лист „Сакам да...“<br>- Прибор за пишување(Фломастери, боички, молив) | |
| **Детален опис на активноста:** | Воведни активности: | Запознавање-**Игра со имиња-**<br>По претходно дадени инструкции, учениците се поставени во круг... Секој од кругот (по пример од наставникот) го кажува своето име и презиме,возраст и одделение...Потоа учениците ги кажуваат своите имиња преку мелодија...ги делат на слогови и ги надоврзуваат на името на претходниот од групата создавајќи на тој начин некое ново име... На крај секој ученик треба заедно со своето име да каже и една придавка што го опишува притоа изведувајќи некое движење или гестикулација а другите учесници од групата повторуваат заедно со него притоа имитирајќи го....(пр. Ана-амбициозна...Петар-праведен...) | |
| | Главна активност: | **Личен грб**- Наставникот внимателно им ја објаснува планираната активност на учениците. Секој ученик на добива лист со контура од амблем со грб...Во секое од полињата на листот треба да напише и да нацрта нешто за себе според барањата:Што правиш во слободно време?Што те исполнува во таа активност? Што сакаш да постигнеш во иднина? Нешто за твоето семејство...Во празниот дел од амблемот (грбот) се запишува животното мото,некоја изрека, мудрост, омилена реченица или фраза...Потоа учениците можат да го покажат својот „Личен грб“ и да го објаснат пред другите...<br>Наставникот внимава и ги мотивира учениците да размислуваат позитивно и активно да учествуваат во активноста. | |
| | Завршна активност: | **Рефлексија-**<br>Како се чувствувавте за време на активностите?<br>Што најмногу ви се допадна?<br>Што научивте? | |
| **Забелешка** | | Варијација на активностите за запознавање и самопотврдување **–„Сакам да...“** Секој ученик добива работен лист на кој е нацртана силуета на човек и четири облачиња.Учениците треба да ја доцртаат и да ја обојат силуетата на тој начин што таа ќе стане нивна силуета,односно човек..... | |

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

Во облачињата треба да запишат одговори на 4 дадени прашања:

1. Што сакаат моите очи да гледаат?
2. Што сакаат моите уши да слушаат?
3. Што сакаат моите раце да прават?
4. Каде сакаат моите нозе да одат?

Презентација на „Личните силуети“

This project was approved and funded with the support of the European Commission. This document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

Работен лист 1. **ЛИЧЕН ГРБ**



document reflects only the views of the author and the European Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information, contained therein.

Работен лист 2. **САКАМ ДА ..........**

Што сакаат моите очи да гледаат?

Што сакаат моите раце да прават?



Шо сакаат моите уши да слушаат?

Каде сакаат моите нозе да одат?

This
docu
responsible for any use which may be made of the information, contained therein.